Врз основа на член 390 став 4 од Законот за трговските друштва, член 26 став 4 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување "МАКЕДОНИЈА" Скопје - Виена Иншуренс Груп (Друштво), член 163 став 1 точка 1 од Законот за супевризија на осигурување и член 39 став 6 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност (Правила за котација), Управниот одбор на Друштвото, на својата 556[та] редовна седница, одржана на 14.06.2024 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**за дополнување на дневен ред на акционерско собрание**

1. По претходно поднесено барање на мнозинскиот акционер на Друштвото VIENNA INSURANCE GROUP AG Wiener Versicherung Gruppe, работниот дел од дневниот ред на акционеското собрание закажано за 09.07.2024 година кое е свикано преку Јавен повик за свикување на акционерско собрание бр.02-5671/2-1 од 07.06.2024 година и кој е објавен во дневен весник Нова Македонија на ден 08.06.2024 година, се дополнува со нова точка 2 која гласи: Разгледување и донесување на одлука за измена на Статутот на Друштвото бр.02-5137/3-1 од 22.05.2024 година.
2. Сите други одредби од Јавниот повик за свикување на акционерско собрание бр.02-5671/2-1 од 07.06.2024 година остануваат непроменети.
3. Оваа Одлука, заедно со Јавниот повик за свикување на акционерското собрание со ревидиран дневен ред ќе се објават на СЕИ - НЕТ системот на Македонската Берза за Хартии од вредност согласно Правилата за котација.
4. За донесувањето на оваа Одлука ќе се извести Агенцијата за супервизија на осигурување.
5. Оваа Одлука, заедно со ревидираниот Јавен повик ќе се објават на насловната страница на официјалната интернет страница на Друштвото.
6. Јавниот повик со ревидиран дневен ред е составен дел на оваа Одлука.
7. Се задолжува Бошко Андов, Претседател на управниот одбор на Друштвото да ги преземе сите неопходни дејствија предвидени во Законот за трговските друштва и Статутот на Друштвото, а со цел одржување на предметното собрание.
8. Оваа Одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:

Согласно член 390 став 4 од Законот за трговските друштва мнозинскиот акционер на Друштвото VIENNA INSURANCE GROUP AG Wiener Versicherung Gruppe на ден 13.06.2024 година до Управниот одбор на Друштвото поднесе Барање за дополнување на дневниот ред на акционерското собрание закажано за 09.07.2024 година, односно за вклучување на нова точка во работниот дел од дневниот ред и донесување на одлука која се однесува на измена и дополнување на Статутот на Друштвото.

Во членот 163 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување е предвидена обврска за редовно известување на Агенцијата за супервизија на осигурување во случај на свикување на собрание на акционери на Друштвото. Членот 39 став 6 од Правилата за котација определуваат дека издавачите од сите подсегменти се должни да ги објават сите измени и дополнувања на

дневниот ред на собранието на акционери веднаш после објавувањето на истите на насловната страница и во најмалку еден дневен весник во Република Северна Македонија.

Поради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

УПРАВЕН ОДБОР
**Претседател на управен одбор**

Бошко Андов